РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1734/6
18-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1734/1 од 10.06.2025 година, со наводи против службеното лице --------, Градоначалник на општина ------, во период од 2021-2025 година, по однос на именувањето на -------, за в.д директор на Детската градинка „--------" - -------, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1734/1 од 10.06.2025 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка пред надлежен орган – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1734/1 од 10.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 10.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи против службеното лице ---------, во својство на Градоначалник на општина ---------, во период од 2021-2025 година, по однос на именувањето на ---------, за в.д директор на Детската градинка „-------" - -------, по што е оформен е предмет број 12-1734/1 од 10.06.2025 година.

Во пријавата се наведува дека споменатото лице не ги исполнила законски утврдените услови за именување на в.д директор на Детската градинка „--------“ --------, односно дека при нејзиното именување истата немала 5 години работно искуство по дипломирањето, како и дека истото лице било именувано три пати последователно за вршител на должност, а не бил објавен јавен оглас за избор на директор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање информации до Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија, со цел да изврши вонреден инспекциски надзор по однос на именувањето на наведената в.д директорка, и од увид во прибавената документација беше утврдено следното:

Министерството за социјална политика, демографија и млади – Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата достави Известување дека бил извршен вонреден инспекциски надзор во Детската градинка „--------“ – ------- по однос на именувањето на --------- за в.д директор на наведената градинка, по што бил изготвен Записник бр.ИП1 -----/4 од --.--.2025 година.

Од извршениот инспекциски надзор констатирано е дека со Решение бр.09-----/2 од --.--.2024 година, сега веќе поранешниот градоначалник на општина -------- по лично барање ја разрешил -------- – директор на установата и истиот ден со Решение бр.------/1 од --.--.2024 година, со кое за в.д директор ја именувал ------, со утврден период на мандат од најдолго шест месеци од денот на именувањето.

Подоцна, поради истек на мандатот од шест месеци, гарадоначалникот со Решение бр.-----/1 од 07.02.2025 година, ја разрешил -------- од функцијата в.д директор на установата и донел Решение бр.-----/2 од 10.02.2025 година, со кое повторно го именувал за в.д директор лицето -------, исто така за период од најдолго шест месеци од денот на именувањето.

По ова, повторно, по завршување на мандатот од шест месеци, градоначалникот со Решение бр.------/1 од 08.08.2025 година, ја разрешил -------- од в.д директор на установата и истиот ден повторно со Решение бр.-----/2 од 08.08.2025 година, го именувал за истиот в.д директор - --------, сметано од 10.08.2025 година, а најдолго шест месеци од денот на именувањето.

Видно од Записникот, констатирано е дека градоначалникот на општина --------, --------, во три наврати го именувал лицето --------, вработена во предучилишната

установа за вршител на должност директор, спротивно на член 126 од Законот за заштита на децата каде е уредено дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

По однос на исполнетоста на условите за именување на вршител на должност директор во предучилишната установа, од страна на инспекторот е констатирано дека градоначалникот на општина ------- ----------, го именувал лицето --------, спротивно на член 120 од Законот за заштита на децата, односно „без да биде исполнет условот минимум пет години работно искуство по дипломирањето, односно лицето имало две години работно искуство по дипломирањето на 06.07.2022 година.

Согласно член 120 став 2 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022, 236/2022, 17/2025 и 132/2025), за директор на јавна детска градинка/центар за ран детски развој може да биде именувано, односно избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во членот 142 од овој закон е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во член 136 од овој закон за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник, социолог и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1) и **минимум пет години работно искуство по дипломирањето**, поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку А2 (A2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, англиски, француски или германски и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Во Записникот е наведено дека било дадено задолжение од страна на инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор, до установата за деца и до Општина -------, да отпочне постапка за избор на директор, по што градоначалникот на Општина ------ донел Решение бр.------/1 од 22.09.2025 година со кое била разрешена наведената в.д директорка - -------, и со Решение бр.-------/2 од 22.09.2025 година бил именувал нов вршител на должноста директор на установата, лицето -------дипломиран економист, вработена во предучилишната установа.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека постапувањето на градоначалникот на Општина ------- не е во согласност со член 120 став 2 и член 126 од Законот за заштита на децата, поради што оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе иницира постапка пред надлежен орган – Јавното обвинителство на РСМ за понатамошно постапување, а постапувањето по предметот се запира.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р., К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б.,Член на ДКСК